

По повод 23 ОКТОМВРИ – ДЕН НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА, во холот на Библиотеката е поставена изложба на книги.

На денешен ден, 23 октомври 1893 година во Солун е основана Внатрешната Македонско-Одринска Револуционерна Организација (ВМОРО), која подоцна станува македонско национално движење и дејствува со цел за извојување автономија на Македонија преку револуционерна борба. Овој датум се поврзува со организираната борба на македонскиот народ и на националностите кои живееле на оваа територија, за формирање независна држава. Затоа 23 октомври симболизира континуитет на македонската борба за независност, што резултирал денеска да имаме сопствена, независна држава.

Националната установа - Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола на сите граѓани од Битола им го честита празникот 23-ти октомври – Денот на македонската револуционерна борба.